**ОПШТИНА БИТОЛА**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02), член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Програмата за заштита на животната средина за 2023 година („Службен гласник на Општина Битола” бр.16/22) и Записник од седницата на Комисијата за човекова средина од бр.09-33/2 од 29.03.2023 година, Општина Битола објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за надоместување на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Општина Битола за набавка на инвертер клима уреди за 2023 година**

**1. Опис на јавниот повик**

1.1. Општина Битола, со цел да ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на домаќинствата, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, ќе им обезбеди поврат на дел од потрошените финансиски средства за инвертер клима уреди набавени во периодот од денот на објавувањето на овој Јавен повик.

1.2. Средствата што ќе ги надоместува Општина Битола се во вредност од 30% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 18.000,00 денари.

1.3. Јавниот повик е објавен на веб страната на Општина Битола, апликацијата „мЗаедница” и на огласната табла. Електронското аплицирање ќе трае од 03.04.2023 година 09:00 часот до 10.04.2023 година 15:30 часот и на истиот може да се аплицира исклучиво електронски преку апликацијата „мЗаедница”.

1.4. Услов за учество на Јавниот повик е барателот и членовите на неговото потесно семејство со иста адреса на живеење да немаат искористено субвенција за набавка на инвертер клима уреди од претходни јавни повици спроведени од Општина Битола или од органите на државната управа на Република Северна Македонија.

**2. Начин на пријавување на јавниот повик**

2.1. Право на учество на овој Јавен повик имаат жителите на Општина Битола кои имаат набавено инвертер клима уреди за затоплување на домаќинствата од денот на објавување на овој јавен повик (29.03.2023година). На јавниот повик немаат право на учество сопствениците на станбени објекти кои се сеуште во фаза на изградба.

2.2. За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите за учество се исполнети, Барателот ги пополнува и прикачува следните документи на апликацијата „мЗаедница”:

- Пополнето Барање на апликацијата „мЗаедница”.
- Скенирана и прикачена Изјава заверена на нотар од Барателот дека лично тој или член на неговото потесно семејство немаат искористено право на поврат на средства за набавка на инвертер клима уреди, на претходни јавни повици спроведени од Општина Битола или други јавни повици од органите на државната управа на Република Северна Македонија.
- Скенирана и прикачена валидна лична карта на апликацијата „мЗаедница”.
- Скенирана и прикачена трансакциска сметка на апликацијата „мЗаедница”.

2.3. Скенирана фискална сметка или фактура од набавениот инвертер клима уред.

(Напомена: Фискалната сметка/Фактура со извод од деловна банка да биде со датум согласно точка 2.1 од овој Јавен повик).Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.

2.4. Доколу има две или повеќе барања од лица кои живеат на иста адреса на живеење добитник на надоместок може да биде само едно лице од истата адреса на живеење, и тоа лицето од таа адреса на живеење кое прво аплицирало.

**3. Начин на спроведување на јавниот повик**

3.1. Добитниците на надоместок на дел од трошоците за набавка на инвертер клима уреди ќе бидат објавени на веб страната на Општина Битола.

3.2. Комисијата формирана со Решение од Градоначалникот, ќе состави листа на добитници на надоместокот во износ наведен во точка 1.2 од овој Јавен повик за набавка на инвертер клима уреди и истата ќе ја предложи до Градоначалникот.

3.3. Бројот на добитници е ограничен до висина на определениот износ од Програмата за животна средина на Општина Битола за 2023 година од 1.600.000,00 (еден милион и шестотини илјади) денари со пресметан персонален данок на личен доход.

3.4. Исплатата ќе се врши по редослед на поднесените барања до исцрпување на средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Општина Битола, односно согласно принципот - прв аплицирал прв услужен.

**4. Начин на остварување на правото на надоместок**

4.1. Градоначалникот на Општина Битола ќе донесе Решение за исплата на надоместокот во вредност од 30% од вкупната цена на чинење на уредот но не повеќе од 18.000,00 денари за набавка на инвертер клима уреди, доколку утврди дека се исполнети условите од овој Јавен повик.

Бр. 0920-32/1
29.03.2023 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Битола
Габриела Илиевска